

На Бадник во секоја куќа се меси кравајче, пита или погача во која се става сребрена пара. Вечерта кога сите ќе седнат на вечера домаќинот откако ќе се прекрсти и ќе ја благослови трпезата го крши кравајчето на толку делови колку што има членови семејството, оставајќи уште дел за Бога и за куќата.

Сите присутни во својот дел од кравајчето ја бараат парата, и оној што ќе ја најде се смета за најсреќниот во годината што претстои. Оној што ќе ја најдел парата ја ставал во грне или чаша со вино од која сите пиеле за здравје и среќа. Парата ја земал тој што ја нашол или му ја давал на домаќинот и за тоа добивал подароци.

Богати обичаи и верувања на Бадник се поврзани со обредниот оган како и со горењето на дрвото наречено Бадник или Бадникојца. Во некои краишта дрвото што се гори е пенушка од даб, во други смрека, а некаде се гори круша горничка (дива круша) зашто се сметало дека таа е најродна, раѓа секоја година. Тоа се правело за да биде и годината родна. Таа ноќ, како што запишал К.Шапкарев, „сите домашни луѓе не заспиваат туку преноќеваат будни, та од тоа се гледа дека таа ноќ е наречена: „Бадник - будник”. И многумина други истражувачи на овие обичаи сметаат дека името на овој ден доаѓа од бдеењето, будноста покрај овој обреден оган. К. Шапкарев уште забележал дека во Скопје кога оваа пенушка „ќе приближи на догорување, ги истеруваат машките деца надвор, а остануваат само женските, за да видат само тие кога ќе догори. Тоа значело да се раѓаат се женски од живата стока на домаќинот т.е. јагниња, телиња, коњи и сл.” Во зборникот на браќата Миладиновци среќаваме податок дека во Кукуш од пенушката оставале едно парче „кое вардат до другата година, за да потпалет огнот во истиот вечер”, а во Воден „това парче закопват в лозје за да се сторит лозјето црно”. Во Дебарско, според записите на В. Икономов, исто така, внимавале „да остане едно парче недогорена гламна кое што секоја вечер од Божик до Богојавление се подгорува и се угаснува со вино - за зачувување од повреда на домашниот ситен добиток.“

Во врска со палењето на дрвото Бадник и воопшто со коледарскиот оган во науката постојат главно две теории: соларната која се заснова врз принципот на имитативната магија, која тврди дека огнот има цел да го имитира големиот извор на енергија од небото и да обезбеди доволно светлина и топлина за луѓето, но и за стоката и за билките. Примитивниот човек верувал дека на изнемоштеното сонце кое во овој период од годината најмалку е видливо на небото и неговото дејство е со најмал интензитет може да му се помогне со силни огнови од земјата. Според другата исцелителна или очистувачка теорија, пак огновите не се во врска со сонцето туку со верувањето дека со нив можат да се изгорат сите штетни влијанија, било тие да се од природен или од демонски карактер (болви, вошки, змии, но и болести, вештици, караконџули и сл.)

Во врска со обредните коледарски огнови е и обичајот коледица. И денес како и во минатото и во селата и во градовите во сите краишта на Македонија помали или поголеми групи деца палат оган, пеат пригодни песни и одат по куќите каде што добиваат подароци како што се: пари, ореви, костени, јаболка, портокали и др. Една од најпопуларните песни што и сега се пее во овие случаи „Коледе леде” ја среќаваме и во запис на Г. Бојаџиев, објавена во „Книжици за прочит” во 1893 година.

Коледе, леде!

паднало греде,

утепало деде.

Дедо се мачи,

баба го квачи,

со четири јајца

гускини, гусќини!

О, О, коледе!

Во овие песни кои што немаат развиена мелодија, како што е случај со другите лирски песни, туку се скандираат со карактеристични извици на почетокот и на крајот се најавува доаѓањето на Божик, големиот христијански празник, кога се празнува раѓањето Христово. Таков е случајот и со следнава песничка запишана од Марко К. Цепенков:

Збирајте се дечиња,

сред село на грејачка,

огон да си палиме,

за да се изгреиме,

оти после ќе одиме

Коледа да викаме,

костење да збираме,

за Бадник да јадиме.

Божик да го чекаме

и прасе да јадиме.

Обичаите и песните што се изведуваат и пеат на Божик всушност претставуваат продолжение на претходните обичаи и песни поврзани со Бадник. И овие песни ги имаат сите одлики на коледарските песни, радост поради повторното раѓање на сонцето, желба за плодна година. Сепак во однос на претходните коледарски песни особено оние што се пеат покрај коледарскиот оган и во кои доминираат еротски содржини во песните што се пеат на Божик има повеќе елементи од Христијанската религија.

Она за што сведочат евангелските текстови во врска со раѓањето на Исус Христос го опева и народната песна. За народниот пејач раѓањето на Исус е проследено со вечна светлина со константен интензитет, оган кој ниту ветерот го сили ниту дождот го гасне.

Она страна оган горит,

ветер веит не го силит,

роса росит, не го гасит.

Не ми било силен оган,

туку била Ристовата

Ристовата мила мајка.

Го стигнала Риста Бога,

Риста Бога малечкаго.

Се шеколкат нешто барат

нема во што да повиет,

да повиет Риста Бога.

Се собрале терзиите,

ми исекле десни поли,

десни поли на долами

го повиле Риста Бога

Се собрале овчарите,

овчарите, козарите

ивцепиле кавалите,

запалиле силен оган,

огрејале Риста Бога.

Во друга песна раѓањето на Исус е опеано како нешто бело на планина што личи на грутка снегова или пиле лебедово.

Што е бело на планина

на планина на рудина,

ал е грутка снегоита,

ал е пиле лебедово?

Ни е грутка снегоита

ни е пиле лебедово,

тук ми била Ристовата

Ристовата мила мајка.

Го извела Риста Бога,

Риста Бога малечкаго

го извела на планина,

на планина на рудина.

Се собрале се овчари

се овчари, се козари,

искршиле кавалите

запалиле силен оган

огреале Риста Бога,

Риста Бога малечкаго.

Раѓањето на Исус Христос нашло место и во повеќе други верувања и преданија, а некои истражувачи веруваат дека оттогаш останало коледето, децата да одат по куќите и да го соопштуваат раѓањето на Богомладенецот Исус Христос.

Интересни обичаи поврзани со овој празник сеуште се изведуваат во западна Македонија, поточно во с. Битуше. Според записите на Гале Фиданоски денот пред Бадник се вика Кршенделија и тогаш при ставање на софрата се става и каленик (чинија) со ореви. Секој зема по неколку и ги крши при што се верува дека ако тие се здрави, односно со бели и големи јатки и годината Ќе биде плодна, односно семејството ќе има напредок. На Бадник рано наутро децата оделе во горага да соберат бодници (бадници). Тоа се дабови гранки кои што потоа стоеле покрај домашната икона односно покрај иконата на светецот заштитник. Вечерта кога ќе седнеле на вечера сите се фаќале за бадниците, при што едно бадниково гранче фрлале во разгорениот оган.

**Бадник во Гостивар**

Бадник. Пред Божиќ доаѓа Бадник. После Новата Година доваѓа бадник. На шести јануари. Е сабајлето, на бадник сабајлето деца, ја сум бил малав, правемо, ќе чукамо по куќи: Коледе леде. И ќе викамо:

Коледе леде,

паднало греде

утепало деде

деде се мачи,

баба го квачи,

со четири јајца

гускини, шаткини

ураа, утре е Божиќ!

Па имаше уште песми:

Божиќ, Божиќ, Бата/

носи чиколата/

да позлати врата...

И ќе излезеа жени, разбираш, сабајле рано и ќе ни дадеа разбираш по едно стопаре, по едно динарче, кој оравчина, кој јабучина, кој костанчина и ќе си заминевмо. Дента Бадник значи то беше сабале и вечерта на Бадник ќидемо, Бадник дома ќе донесемо, и ќе го запалимо у шпорет. Дрвца, стапче од Бадник. Тоа обичајот православни, таков е. Ќе го напраиш дома у шпоретче. И мајката ќе напраи лукче. Има една пословица па вика: „Баба сече лук, дедо стана како вук. Купи риба осоли се, пиј винце, напи-се.“

И утре е Божиќ. Демек ќ’ идемо у црква, разбираш, ќе заврши службата у црква и после се идеше прво кај кумот. Кој е демек, она, православен, ќе иде прво кај кумот да му честита празникот зашто кумот е, кумството е најјако. Кумот е господ у куќата. Знаеш тоа ти е, ја не знам, во Србија многу го праа кумот као Бог да е. А и овде. Па сеа тиа обичаи и нема. Тија обичаи ги нема. Е, отпосле тоа, разбираш, се завршуе тоа, ќидеш визити, по визити ќ’ ида ќе шетаа, ќ’ онада.

По тоа доваѓа Нова Година, нашата Стара Нова Година. Е исто така сабајле деца ние, разбираш ќ' идемо со дренче, ќе зememo еден прат дренче, и со дрен идемо по куќи и чукамо:

Трака, трака Василица

дај ми бабо, сланиница,

да наранам дечицата,

да им пукне мешината.

И ќ' излезат пак ќе ни дадат коштанчина тро. И дома мајката ќе меси коматче. И у коматот става париче: кој ќе го најде паричето среќен ќе биде цела година. И пак визите. Ќе шетаа исто Нова година, наша, Стара нова година. И дочек по правила и све.

Е, кој завршуе Нова година, доаѓа Богојавление. Водици. Што ги викаме Водици мие. Е, на опсумнаести е Водопос. На осумнаести се иде у црква, се зема водичка демек мали деца кој има, тогај крстојте ги врзуваат. А пак на деветнаести јанауар тој што ќе го фати крстот и ќе шета после низ градот и ќе си бере паре. Тaја вода дента што ќе га наполниш од црква (сефте у црква го фрлаја крстот) цела година седи не замиришуе. На деветнаести. Од утрента ќе замирише за пет дена. А тaја цела година да сејт не замиришует. Ете, јаќа имат некоја сила. Господ. Господо-работа. Ја то сум приметил, право да ти кажам не замиришуе водава уопште. Е обичаите се знае. Водици. Не работамо, седимо, јадемо, си пиемо, разбираш. Сеа не знам како го викаат Богојавление, Водици. Утрото Свети Јован је, Свети Јован Крстител.

*Од книгата „Така се зборува во Гостивар"приредил Боге Димитриески, Скопје 2000.* **(Под готви Марко Китевски)**